**20251923932**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за инвалидски организации,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4849/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија“ број 89/2008, 59/12, 23/13, 150/15 и 27/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 317/20), во член 11 во ставовите 1 и 2 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 2

Во член 13 во ставот 1 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Комисијата од ставот 1 на овој член, ја формира министерот за социјална политика, демографија и млади во состав од три члена од кои еден член на Комисијата е на предлог на Националниот совет на инвалидските организации на Македонија од членот 26 од овој закон.“.

Член 3

Во член 14 во ставот 1 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 4

Во член 16 во ставовите 1 и 3 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 5

Во член 21 во ставовите 1, 2 и 3 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 6

Во член 25 во ставот 1 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 7

Во член 26 во ставовите 2 и 3 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 8

Во член 29 став 1 во алинеите 1 и 2 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 9

Во член 32 ставот 2 се менува и гласи:

„Националните инвалидски организации доставуваат годишен извештај за работата со финансиски извештај до Националниот совет, а Националниот совет извештајот го доставува до Министерството за социјална политика, демографија и млади и донаторите на финансиските средства.“.

Член 10

Во член 35 ставот 2 се менува и гласи:

„Надзорот врз законитоста на работењето и исполнувањето на одредбите на овој закон и Законот за здруженија на граѓани и фондации над инвалидската организација, национална инвалидска организација и Националниот совет на инвалидските организации, го врши инспекциската служба при Министерството за социјална политика, демографија и млади, а надзорот на финансиското работење го вршат Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Државниот ревизор за финансиско работење.“.

Член 11

Во член 36 во ставот 3 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 12

Во член 36-а во ставот 10 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 13

Во член 36-б ставот 9 се менува и гласи:

„Министерот за социјална политика, демографија и млади ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за изречените опомени.“.

Член 14

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за инвалидски организации.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.